# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.23 од 10.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" број 112/14 и 129/15), во членот 19 став (5), зборот „писмено" се брише.
По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
„(6) Управата за јавни приходи е должна да издаде одобрение по барањето од ставот (5) на овој член во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето."

**Член 2**

Во член 23 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Управата за јавни приходи е должна да издаде одобрение или решение за одбивање на издавање на одобрение по поднесените барања за даночно ослободување или пониска стапка од ставот (2) на овој член, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето."

**Член 3**

Во членот 24 став (3) зборот „писмено" се брише.

**Член 4**

Во членот 30 став (3) зборот „писмено" се брише.
Ставовите (5), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21) се бришат.
Ставот (6) кој станува став (5) се менува и гласи:
„(5) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ја пропишува министерот за финансии."

**Член 5**

Во членот 41 став (3) се менува и гласи:
„(3) Управата за јавни приходи е должна да донесе решение за враќање на повеќе платениот данок на добивка на обврзникот, на негово барање во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за враќање."
Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9) (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21) се бришат.

**Член 6**

По членот 46-а се додава нов член 46-б, кој гласи:

**„Член 46-б**

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Управата за јавни приходи, ако не издаде одобрение, односно решение во роковите утврдени со членовите 19 став (6), 23 став (5), 30 став (4) и 41 став (3) од овој закон.
(2) За прекршоците од ставот 1 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

**Член 7**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).